

# ROOMS
# СОБИ

александар спасоски

aleksandar spasoski

M O O



Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

# R O O M S
# С О Б И

александар спасоски
aleksandar spasoski

Мала станица / Mala Stanica
септември-september 2008

Александар Спасоски е претставник на младата генерација визуелни уметници, кој дипломирал сликарство на скопскиот ликовен факултет, а потоа магистрирал медија уметност на Академијата за ликовна уметност во Минхен, Германија. Се занимава со сликарство, објекти, инсталации, видео, музика, оттука поседувајќи еден широк дијапазон на знаења и искуства кои честопати се имплементирани во едно и исто дело создавајќи хармоничен сплет и микс на медиуми.

Најновата изложба на Спасоски, насловена *Rooms* или *Соби,* конципира во себе три засебни целини, организирани и просторно и сижејно и медиумски како три разнородни единства. Изложбата, генерално следи еден кус развоен пат на Спасоски со тоа што има присуство на покласични форми на ликовно изразување – скултура, релјеф, па сѐ до видео инсталации во кои самиот посетител е активен учесник во дејството.

Едната *Соба* ја претставува видео инсталацијата „Воајер“ која е всушност најново дело на Спасоски, реализирано 2008 година и за него има добиено награда за најдобро завршно видео на Академијата во Минхен. Станува збор за обработка на еден мошне специфичен феномен – воајеризмот, а начинот на обработката на видеото го вклучува самиот гледач, набљудувач да стане дел од чинот на тајно ѕиркање или кусо заронување во туѓ живот, во туѓо секојдневие, во туѓ момент, без обострана свесност за сето тоа. Спасоски приоѓа во реализацијата на ова видео така што користи разновидни прозорски рамови како објекти преку кои се гледа во внатрешноста на нечиј дом. Врз црната позадина овие прозорци со разновидни содржини во нив се редат сукцесивно, а аудио звукот кој го следи дејството – одеци од чекорење – придонесува за сензацијата, т.е. за чувството на бидување активен сочинител во актот на воајеризам. Тука Спасоски обработува еден социолошки феномен, кој е најчесто својствен и карактеристичен за туѓинец во туѓа земја, исполнет со чувство на осаменост, отуѓеност, тишина и потреба да се биде дел од некое случување, дури и на кратко и дури и по цена на нелегално и бесрамно „загрозување“ на туѓата приватност. Одличната комбинација на продукција и постпродукција со користење на негов материјал и секвенци од други филмови, придонесува за момент на импресија и визуелно мамење на набљудувачот кој доживува индивидуална чувственост, станувајќи дел од инсталацијата.

Втората *Соба* содржи повеќе материјална уметност, т.е. конципирана е како соба посветена на скултурата, т.е. објектната уметност. Тука Спасоски поставува три скултури-објекти, класичниот релјеф „Хор“, кој потекнува од 1997 година, потоа објектот „Убавината на квадратот создаден од круг“ и мултимедијалниот објект „Шпорет“, обата реализирани во 2008 година. Релјефот *Хор* содржи маски-ликови кои во редови и мултиплицирано излегуваат од површината на квадратната плоча. Тие, маските, варираат во големина по редови, а содржат и мали разлики едни од други и во редот и со наредната низа. Самите маски се доста театрални, со експресивни изрази на лицата, вџашени, изненадени, со отворени усни, со ококорени очи. Нивната театралност и амбиенталноста се нагласени со начинот на осветлување, чија цел е создавање силни контрасти и сенки, оставајќи чувство на сценска атмосферичност. Објектот *Убавината на квадратот создаден од круг* на некој начин е поврзан со претходната скулптура, Хорот, по релјефноста, од една страна, а од друга, по мултипликацијата на единици од кои се сочинети. Ако во првата станувеше збор за маски, овдека Спасоски станува попурифициран, посистематичен, посупрематичен и користи реди мејди – светлосни објекти, светлосни кугли, а организираноста на бојата на светлосните тела-сијалиците доведува до формирање на квадрат во квадрат, т.е. на средината со помош на округлите кугли се обликува црвен квадрат, на бела основа, т.е. останатите светлосни тела светат бело. Третиот, и технички најсовремен, објект *Шпорет* е мултимедијално уметничко дело кое во себе поврзува неколку изразни визуелни медиуми. Станува збор за тродимензионален објект-скултура, која во себе содржи проекција на видео материјал. Проекцијата создава илузија, т.е. оптичко мамење, т.е. имитира шпорет на гас, со рингли чиј оган гори, а на нив се поставени кујнски тела (лонци, ѓезвиња) во кои врие вода. Оганот и водата креираат една текстурална површина која ја нагласува илузијата. Сета оваа визуелна лага (со исклучок на некое материјално ѓезве) трепери пред очите на набљудувачот, создавајќи чувство на фасцинација, сензација и несвесност за природата на објектот.

Последната, трета *Соба* претставува една мини презентација на селектирани видеа кои авторот ги има работено во различни временски периоди, а истовремено третираат различни визуелни приоди кон обработката на едно видео, вклучувајќи и различни тематски пристапи. Станува збор за три видеа, „Инфантил“ и „Композит“ од 2004 и „Селекшн“ изработено 2005 година, во копродукција со уште тројца колеги од Академијата од Минхен. *Инфатил* е еден вид автопортрет, во кој самиот автор е главниот актер кој со своите движења (body language) ја нагласува инфантилноста преку себе и на секоја индивидуа без оглед на возраста. Динамичната обработка пропратена со брзата музика и малите „исцртани“ акценти (кои симболизираат ореол, збунетост и сл.) придонесуваат кон ефектно визуелно восприемање на оваа исповест. *Композит* пак, од друга страна, е видео кое обработува сосема апстрактна тематика, не содржи никаква нарација, туку едноставно на екранот се повторуваат по различен редослед одредени квадратни-супрематистички форми и облици. Последното видео *Селекшн* е еден вид документарно видео, или арт видео направено од документарен материјал од една аудиција за танцов перформанс. Спасоски честопати ја користи црната основа врз која во квадрати се пренесува или проектира одредена содржина. Така и во ова видео ритмично и аритмично се редат квадрати со различни димензии кои прикажуваат тела и ликови со силно нагласена изразност и експресивност. Во позициите на телата се бара моментот на грч, на убавина, на скулптурална линија, на емфатичност. Музичката позадина само повеќе придонесува кон визуелниот дел од ова уметничко дело.

Спасоски со своите дела и со својата изложба креира еден, таканаречен, современ интерактивен мултимедијален реализам со кој публиката активно комуницира.

Ана Франговска

Aleksandar Spasoski is a representative of the young generation of visual artists. He graduated in painting from Skopje Art Academy and than he got a masters degree in media art in The Art Academy in Munich, Germany. He has been a painter and has worked in various projects such as installations, videos and music in that way acquiring a wide range of knowledge and consuming experience often woven into a unique work of art as a creation of a harmonious mixture of media.

Spasoski's latest exhibition called "Rooms" has a concept of three individual parts inside, organized thematically, visually and in space as three completely different entities .The exhibition generally represents a short developing path of Spaspski's work containing different artistic expression from classical such as sculpture or relief to video installations in which he himself participates.

One of the "Rooms" is the video installation "Voyeur" which is actually the most recent Spasoski work realized in 2008 and awarded as the best final video at the Academy in Munich. It is about a most specific phenomenon-voyeurism and the projection of the video includes the spectator, the visitor to become a part of the act of peeking or short intrusion into someone else's existence, in someone else's everyday life, in someone else's minute in time without mutual awareness. Spasoski realizes this video in a way that he uses window frames as objects through which you can see the inside of someone's home. These windows with different contents come out successively from the black backgrounds and the audio sound follows their occurrence –echoes of footsteps intensify the sensation i.e. the feeling of being a real participant in the act of voyeurism. Here Spasoski presents the sociological phenomenon that is often usual and characteristic for a stranger in a foreign country. A newcomer overwhelmed with the feeling of solitude, alienation, silence and the urge to be a part of an event even for a while and even for the price of being an illegal and unscrupulous" trespasser "of someone else's privacy. The magnificent combination of the production and postproduction Spasoski achieves by the usage of his own material and sequences of other films, which leads us to the moment of an impression and visual delusion of the spectator who lives through an individual sensitivity thus becoming a part of the installation.

The second "Room" contains more material art i.e. has conception to present a room dedicated to the sculpture as object art. Here, Spasoski presents three sculptures-objects; the classical relief "Publica"(Audience) which was created in 1997, the object "Ubavinata na kvadratot sozdaden od krug"(The beauty of the square made up of a circle ) and the multimedia installation "Sporet"(An oven) both realized in 2008. The relief "Publika" contains masks-characters that come out from the surface of the square board in multiplicative lines. They, the masks, they vary in size in rows and are slightly different from one another in the line of the following row. The masks are quite theatrical with expressive lines on their faces; staring, surprised, open-mouthed, wide-eyed. The specific light that creates strong contrasts and shades leaving the spectator with the feeling of a scene atmosphere emphasizes their theatricality and expressiveness. The object "Ubavinata na kvadratot sozdaden od krug" is somewhat related to the previous sculpture "Publika" by its relief parts on one hand and by the multiplication of units that create them on the other. If masks concerned Spasoski in the first one, he is now more purified more systematic more supreme. He uses ready made-light objects, light balls, and the organization of the colour in the light objects –light bulbs creates a square in a square formation i.e. the inside with the help of the round bulbs shows a red square on a white background i.e. the rest of the lights that glow in white. The third and technically the most modern object "Sporet" is a multimedia work of art which contains and relates few of the visual and expressive media. It is about a three-dimensional object –sculpture with a projection of a video material installed inside.
The projection creates an illusion i.e. an optical delusion of a gas cooker, hot plates on, fire seen with different pots in which one can feel the water boiling. The fire and the water create a textual surface thus intensifying the illusion. All these visual delusions (if one does not consider the real coffee pot) glitter in front of the eye of the spectator creating a feeling of fascination and a sensation of complete unawareness of the real nature of the object.

The last, the third "Room" is a mini presentation of selected videos that Spasoski created in different periods and at the same time; they give away different visual treatment of one video also including various thematic. Actually there are three videos;"Infantil", "Composit"2004 and "Selection"2005 made in co production with three colleagues from Munich Academy. *Infantil* is a kind of an auto portray in which the author plays the main role and who emphasizes the infantilism through himself and each individual no mater how old they may be by the use of his body language. The dynamic acting followed by the quick music and the small" drawn" expressions (that symbolize an aureole, confusion etc.) only add up to the effective visual grasping of this artistic confession. *Composit* , on the other hand is a video that shows a completely abstract theme, does not contain a narration of any kind and merely presents some supreme square like forms and shapes that are repeated on the screen without any particular timing. The last video *Selection* is a kind of documentary video or an art video made of a documentary material from a dance performance audition. Spasoski often uses the black background to which he attaches squares that serve to transmit or project certain contents. Accordingly, this video also presents squares of different dimensions that emerge with or without a rhythm pattern and show bodies and faces with explicit expressiveness. The bodies pose in convulsion, beauty, structural line and emphasis. The musical background strongly supports the visual part of this work of art.

Spasoski with his work and his exhibition has created a so-called contemporary interactive multimedia realism that he uses to communicate with his audience.

Ana Frangovska





Воајер / Voyeur, 2008, 5 min.
видео во простор / video in space



Воајер / Voyeur (детаљ / detail), 2008, 5 min.
видео во простор / video in space



Шпорет / Owen, 2008
скулптура / sculpture, 40x35x60



Убавината на квадратот направен од кругот / The Beauty of the Square Made by the Circle, 2008
светлосна скулптура / light sculpture, 100x100



Хор / Choir, 1997
Рељеф / Relief, 100x120

**Биографија**

Александар Спасоски е роден на 20 јули 1974 во Тетово, Р. Македонија. Својата уметничка активност ја започнал како сликар уште во својата рана возраст од 16 години. По завршувањето на Средното уметничко училиште „Лазар Личеноски", како двократен добитник на награда за млади таленти на Културно-информативниот центар – Скопје, се запишува на Академијата за ликовни уметности, Скопје – Македонија, и ја завршува во 1997 година.
По повеќе од 15 години делување и сликање во неговата родна земја и изложување на неговите рани дела, главно во бившо-југословенските простори, во 2000 година заминува за Минхен, Германија, како димпломиран уметник на Академијата за ликовни уметности.
Како постојан уметник во Германија дипломира медија арт на Академијата за ликовни уметности во Минхен во 2008 година и завршува неколку курсеви во ЦКМ институтот за медија уметност во Карслруе, Германија.
Стипендиран од фондацијата Daad. Во текот на 8 години успешно излага како во рамките на Академијата така и независно на голем број на изложби.
Во 2001 година се претставува со филмот „Република Апсурдистан" на фестивалот во Минхен.
Во исто време развива голем број повеќеслојни проекти, како од аудио така и од визуелна природа. Од 2002 до 2007 година е дел од уметничката група „Apfelypsilon" што претставува видео инсталации и мулти медија проекти во Галеријата Лотрингер 13, Кунстферајн Инголштад на Analog Digital фестивалот и Кунстферајн Вирцбург, Германија. Во периодот 2004/6 година паралелно работи на музичкиот проект – ЦД албумот „Bottling Jazzy". Како автор добива награда за најдобар албум за 2006 година во Хрватска и добива позитивна критика во неколку важни ревии како All About Jazz, Los Angeles Times и Dop Magazines.
Во 2008 година добива награда за неговото дипломско дело, видео-инсталацијата „Воајер", претставено при Академијата за ликовни уметности во Минхен, Германија.

**Самостојни изложби, перформанси и изданија**

1997 Прва самостојна изложба во музичкото училиште во Тетово
2006 Bottling Jazzy албум издаден за Aquarius records Загреб, Хрватска
2007 Невладиното здружение Лоја во соработка со Pro Helvetia ја претстави видео-инсталацијата Воајер во Тетово
2008 Академија за ликовни уметности во Минхен, Германија
Мала станица, Национална галерија на Македонија

**Групни изложби, перформанси и изданија**

1990 Културно-информативен центар, Скопје
1992 Уметничка галерија „Арабати баба теќе", Тетово
Дом на културата „Кочо Рацин" – галерија КО-РА, Скопје
1993 Уметничка галерија „Арабати баба теќе", Тетово
1995 Уметничка галерија „Арабати баба теќе", Тетово
Млади уметнички надежи 95, Штип
Дом на културата И. Антески – Смок, Тетово
2001 Биенале на млади уметници во Музејот на современата уметност, Скопје
Видео и музички перформанс со „Blaue Stunde" во Универзитетска галерија, Клуб Патос, Максимилианс форум, Analog Digital Festival, Минхен, Германија
2002 „Bewegt" Der Kunstverein Ingolstadt, изложби наречени „Млада уметност" од Минхен, Инголштад, Германија
2003 Минхенски филмски фестивал „Република Апсурдистан"
Музика за „Spüren" видео уметност од Антон Бошњак, Биенале на уметнички филм во Ludwigs Museum, Келн, Германија
2006 Перформанс – електронски концерт во Музејот на модерна уметност во Загреб
Музички настап на Струшки вечери на поезијата
2007 Групна изложба „TURN" во галеријата Лотрингер 13, Минхен, Германија
Видео проекција „Селекција" за германскиот кореограф Felix Ruckert, Mufathalle, Минхен, Германија
Концерт во рамките на Охридско лето, Охрид
Зимски салон, Уметничка галерија, Тетово

**Награди:**

1991 Групна изложба на слики во Културно-информативниот центар во Скопје
1992 Групна изложба на слики во Културно-информативниот центар во Скопје
1998 Прва награда за мултимедија од Сорос фондацијата за најдобра електронска музика наречена „Бои"
2006 Dop магазинот го има прогласено „Bottling Jazzy" за најдобар интернационален албум на годината во Хрватска
2008 Daad награда за дипломската видео работа на Академијата за ликовни уметности, Минхен, Германија



Селекција / Selection, 2006
Видео / Video, 8 min., apfelypsilon



Композит / Komposit, 2001
Видео / Video, 1 min.



Инфантил / Infantil, 2001
Видео / Video, 1 min.

**BIOGRAPHY**

Aleksandar Spasoski was born on 20 July 1974 in Tetovo, Republic of Macedonia. He has started his artistic work as a painter when he was only sixteen. After he finished his secondary education - The School of Arts "Lazar Licenoski, he was twice awarded with the special award for young and talented artists from The Culture and Information Centre, Skopje. He than graduates from the Macedonian Academy of Arts in Skopje, Macedonia in 1997. For more than 15 years he works and paints in his native country and he exhibits his early work mainly in the ex-Yugoslav republics. In 2000 he leaves for Munich, Germany as a graduate from the Academy of Arts. He lives and works as a professional painter in Germany and he graduates media art from The Art Academy in Munich in 2008. He also finishes few special art courses in The ZKM Carlsrue Institute of media art in Germany.
He has been supported by Daad Stiftung Academy of Arts for the last 8 years and he has been successfully presenting his work both as a member of the academy and as an individual artist in a great number of exhibitions.
He presented his artistic talent with the film "Republic of Absurdistan" at the festival in Munich.
He has been also working at the same time on some other multi-media projects involving other ways of artistic expressions such as audio and visual art. From 2002 to 2007 he was a part of an artistic group "Apfelypsilon" which presents video installation and multi-media projects at the gallery Lothringer 13, Kunstferain Ingolstadt at the Analog Digital festival and Kunstverein Wirtzburg, Germany. In the period between 2004 and 2006 he also works for a musical project – CD album "Botling Jazzy". As an author he wins the award for best album in Croatia, 2006 and gets positive critics in few important reviews such as All About Jazz, Los Angeles Times and Dop Magazines.
In the year of 2008 he has been awarded for his final graduation work – the video instalment "Voyeur" presented in the Academy of Arts in Munich, Germany.

**Individual exhibitions, performances and publications**

1997 First individual exhibition in the Music school in Tetovo
2006 Bottling Jazzy album released for Aquarius records, Zagreb,Croatia
2007 The non-government organisation Loja in cooperation with Pro Helvetia presented the video installation Voajer Tetovo
2008 The Art Academy in Munich, Germany
Mala Stanica, Macedonian National Gallery



**Group exhibitions, performances and publications**

1990 The Culture and Information Centre, Skopje
1992 The Art Gallery "Arabati Teke", Tetovo
The Cultural Centre "Koco Racin", Skopje, Gallery – "Ko-Ra"
1993 The Art Gallery "Arabati Teke", Tetovo
1995 The Art Gallery "Arabati Teke", Tetovo
"Young talented artists" – 95, Stip, Macedonia
The Cultural Centre "I. Anteski – Smok", Tetovo
2001 Biennale of young artists at the Museum of Modern Arts, Skopje, Macedonia
Video and musical performance with "Blaue Stunde", Munich, Germany
2002 "Bewegt" Der Kunstverein Ingolstadt, exhibitions named "Young Art", Munich, Ingolstadt, Germany
2003 The Munich film festival "Republic Aburdistan"
The music for the "Spuren" video art from Anton Bosnac, Biennale of art films Kolone Museum Ludwig, Kunstverein Virtzburg, Germany
2006 Performance – electronic music concert in The Museum of Modern Art in Zagreb
Musical performance at "Struga", poetry festival, Struga, Macedonia
2007 Group exhibition "Turn" in the Gallery "Lotringer 13", Munich, Germany
Video projection "Selection" with Felix Ruckert dance performance Mufathalle Munich, Germany
"Ohrid Summer Festival"
"Winter Hall", Art Gallery, Tetovo

**Awards**

1991 Group exhibition of paintings in the Culture and Information Centre, Skopje
1992 Group exhibition of paintings in the Culture and Information Centre, Skopje
1998 First award for the best electronic music annamed "Colours" in multi media projects from The Soros foundation
2006 Dop magazine announced the "Bottling Jazzy" the best international album of the year in Croatia
2008 Daad-award for the final video work at the Art Academy, Munich, Germany

**Александар Спасоски**
Соби
септември, 2008

**Aleksandar Spasoski**
Rooms
September, 2008

**Национална галерија на Македонија**
Железничка 18, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Факс: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk

**National Gallery of Macedonia**
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Fax: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk

Издавач: Национална галерија на Македонија, Скопје
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Текст: Ана Франговска
Дизајн: Александар Спасоски, Борис Шемов
Фотографија: Давор Спасоски
Превод на англиски: Маја Богданова
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Published by the National Gallery of Macedonia, Skopje
For the Publisher: Maja Krstevska, director
Text: Ana Frangovska
Design: Aleksandar Spasoski, Boris Semov
Photography: Davor Spasoski
English translation: Maja Bogdanova
Proofreading: Mihail Loparski
Printed by: Skenpoint, Skopje
500 copies

Благодарност до:

ISBN: 978-9989-196-14-0
COBISS.MK-ID 73261834

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

**Copyright © The National Gallery of Macedonia**



www.spasoski.com